РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-359/5
18-08-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 21 – та седница одржана на 15.08.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 09-2898/1 од 13.11.2024 година, оформен по пријава против службеното лице --------, судија во ------ суд Скопје, СЕ ЗАПИРА.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека наводите од пријавата се потврдуваат, не е утврдена повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, но заради постоење на континуиран потенцијален судир на интереси да се достави укажување до Комората на извршители на РСМ и Судскиот совет на РСМ, за надминување на настанатата состојба.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-2898/1 од 13.11.2024 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за постоење на состојба на судир на интереси на тоа дека службеното лице -----, судија во ---- суд Скопје која во исто време е и член на Совет на ------ постапувала и сеуште постапува по предмети во кои странки се јавувале извршителите, односно се воделе постапки на акти од извршителите. Исто така како судија во граѓанскиот оддел во ------------суд Скопје одлучувала за извршни предмети ( акти издадени од извршители) и предмети по нотарски платен налог.
Според пријавителот, членувањето во ---------- на судијата ----- имало дирекно вилијание, односно истото лице е ставено во позиција да одлучува како судија во граѓанскиот оддел во ------ суд Скопје по правни средства против акти на извршителите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до ----- на РСМ - Скопје, по што врз основа на добиените одговори и прибавената документација го утврди следното:
Лицето -----, судија во ------- суд на РСМ е избрана за член на ------ на Комората на извршители на РСМ со мандат од една година сметано од 06.10.2024 до 06.10.2025 година бр.02-510/11 од 28.09.2024 година. Истото лице во ------ утврдувало ставови и заклучоци и давало свои мислења по одредени прашања кои се однесуваат на спорни стручни правни прашања, односно ставовите, заклучоците и мислењата на ------ по суштина биле од советодавен карактер и не биле задолжителни за ивршителите.
Понатаму, Државната комисија се обрати до ------ суд Скопје, по што врз основа на добиениот одговор го утврди следното:
Службеното лице ------- е судија во ------ суд Скопје кое постапува по предметите на уписникот "ГЖ", а како судија во граѓанскиот оддел одлучува и по предмети по жалба во уписникот за приговори против неправилности при извршувањето и уписникот за жалби на платни налози против решенија од нотар.

Согласно член 10 од Правилникот за работа на ---------- на Комората на извршители на РМ основни задачи на -------- се: да предлага теми за семинари и редавања по одредени правни прашања; да ги утврди ставовите по одредени правни прашања завземени на одржаните семинари и тематски расправи; да го афирмира извршувањето како стручна служба и професија и дејност; да дава мислења за спорни прашања и предлози за организационото поставување на извршувањето во целина кои ги доставува до Управниот одбор; дадава предлози за унифицирано работење на извршителите; да дава иницијативи за измени и дополнувања на закони и подзаконски акти за прашања од извршителска дејност, како и на Статутот и другите акти на Комората; да врши други работи на полето на стручното усовршување на извршителите.

Согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."

Член 75
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Ваквата констатирана состојба претставува можност за влијание на приватниот интерес на службеното лице врз непристрасното вршење на службените должности, односно Државната комисија смета дека ради постоење на потенцијален судир на интереси може да дојде до постапување спротивно на законски утврденото начело на интегритет.

Од горенаведеното неспорно произлегува дека службеното лице -------- не треба во исто време да биде дел од -------- на Комората на извршители на РСМ и да постапува по предмети во ------- суд Скопје кои се однесуваат на неправилности при извршувањето. Исто така врз основа на горенаведеното, Државната комисија ќе достави укажување до Комората на извршители на РСМ и Судскиот совет на РСМ за констатираната состојба и ќе побара да се надмине истата.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК